ПРАВИЛНИК

ЗА

ЕДИНСТВЕН КРЕДИТ ТРАНСФЕР СИСТЕМ,

ПРЕМИНОТ ОД ЕДНА НА ДРУГА СТУДИСКА ПРОГРАМА

НА ЕДИНИЦИТЕ ВО СОСТАВ НА

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

И

ПРЕМИНОТ ОД ЕДНА НА ДРУГА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА

Скопје, 10.07.2025

Врз основ на член 94 т.23 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018), член 72 т.23 од Статутот на Европскиот универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на 142-та седница одржана на 10.07.2025 година, го донесе следниот:

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-3901/1
10.07.2025 год.
СКОПЈЕ 1

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ
на
ПРАВИЛНИК
за единствен кредит трансфер систем, преминот од една на друга студиска програма на единиците во состав на Европски универзитет Скопје и преминот од една на друга високообразовна установа

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат единствените основи за кредит трансфер системот (ЕКТС), преминот на студенти од една на друга студиска програма на единиците во состав на Европски Универзитет Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот), како и преминот (во понатамошниот текст: трансферот) на студенти од една на друга високообразовна установа.

Цел на Европскиот кредит трансфер систем

Член 2

„Кредит трансфер систем" е заедничка процедура што се воспоставува според Европскиот кредит трансфер систем ЕКТС или Европски систем на пренос и акумулација на поени (англиски: European Credit Transfer and Accumulation System) и претставува нумерички систем за квалитативно вреднување на работата на студентите што била вложена за стекнување знаења, вештини и компетенции што се предвидени со програмата за студирање, односно со конкретниот предмет во рамките на таа програма, ги опфаќа поените за совладување на предметот во целина, сите предмети во еден семестар, академската година и целокупното студирање и нивен пренос од една на друга високообразовна установа.

Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) претставува систем на академско признавање на студиите заснован врз:

- информации за студиските програми и постигнувањата на студентот,
- меѓусебна соработка меѓу единиците на Универзитетот,
- соработка на Универзитетот со другите установи во земјава и во странство,
- употреба на кредити како мерка за оптовареност на студентот.

Со ЕКТС се остварува:

- зголемена мобилност на студентот на институционално и на национално ниво;
- прецизен увид во обемот на работата изразувањето на оптовареноста на студентот во процесот на студирањето;
- развивање и функционирање на механизмите за перманентно следење на напредокот на студентот според резултатите од учењето;
- објективност во оценувањето и признавањето на резултатите од студирањето;
- остварување на компатибилност на студиските програми на институционално и на национално ниво;
- компатибилност на студиските програми на воспоставување на меѓународна мобилност на студентот и остварување интернационално ниво, според принципите на Европскиот кредит трансфер систем;
- непречено пренесување на достигнувањата на студентот од една на друга студиска програма и од една во друга високообразовна установа;
- зголемена индивидуализација на текот на студирањето;
- создавање основи за остварување на концептот за доживотно учење.

Примена на ЕКТС

Член 3

Кредит трансфер системот на Универзитетот се применува во остварувањето на студиските и предметните програми на:

- прв циклус на студии: универзитетски академски студии (240 ЕКТС) и стручни студии (240 ЕКТС),

- прв циклус на студии: универзитетски академски студии (180 ЕКТС) и стручни студии (180 ЕКТС),

- втор циклус на студии: магистерски академски студии (60 ЕКТС) и магистерски стручни студии (60 ЕКТС),

- втор циклус на студии: магистерски академски студии (120 ЕКТС) и магистерски стручни студии (120 ЕКТС),

- интегрирани студии од прв и втор циклус (300 ЕКТС).

КРЕДИТИ ВО ЕКТС

Поим за кредитот во ЕКТС

Член 4

„Кредит" е квантитативна мерка за изразување на обемот на учењето врз основа на обемот на работата која студентот во просек ја врши, односно оптоварувањето на студентот во кое се сметаат предавањата, семинарите, вежбите, другите облици на организирана студиска работа и самостојно учење со цел да ги постигне очекуваните резултати од процесот на учење. Кредитот му се доделува на студентот и се регистрира во неговото досие кога ќе ја исполни студиската обврска.

Кредитот претставува релативна нумеричка вредност алоцирана во предметните програми, со која се опишува квантитетот на работата на студентот во однос на вкупниот квантум на работа потребен да се совлада определена наставна програма содржана во студиската програма на единиците на Универзитетот.

Определување на бројот на кредитите за една студиска година/семестар

Член 5

Бројот на кредитите за определените предметни програми се утврдува врз основ на посета на предавања, извршени консултации, успешно реализирани вежби, успешно реализирана практична работа, изработка на стручни трудови, теренска работа, самостојна/домашна работа, учење во библиотека, изработени или реализирани проекти и сл.

Бројот на кредити го одразува оптоварувањето на студентот пресметано во време за совладување на соодветната предметна програма.

Член 6

Бројот на кредити се утврдува за секоја предметна програма посебно.

Секоја од единиците на универзитетот го утврдува бројот на кредитите во студиските и предметните програми.

Доделување кредити

Член 7

Кредити им се доделуваат само на студенти кои успешно ги положиле предметите со преодна оценка и ги реализирале сите активности предвидени со предметната програма. Не може да има делумно доделување на кредити.

Бројот на кредити, што студентот треба да го оствари за да се здобие со одредена диплома, задолжително изнесува 30 ЕКТС за еден семестар, односно 60 ЕКТС за една академска година.

ВОСПОСТАВУВАЊЕ КОМПАТИБИЛНОСТ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

Член 8

Единиците на Универзитетот, при изготвување на студиските и предметните програми, треба да овозможат нивна институционална и национална компатибилност и создавање услови за трансфер на студентите од една на друга студиска програма во рамките на иста или друга единица во состав на Универзитетот, услови за трансфер на Универзитетот од други високообразовни установи, како и трансфер на студентите од Универзитетот на високообразовни установи во странство.

Компатибилноста од претходниот став на овој член не претставува идентичност, туку усогласеност на студиските и предметните програми, кои продуцираат исти или слични профили на кадри.

НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ НА СТУДЕНТОТ

Член 9

Условите и критериумите за остварување на студиската програма ги утврдува секоја единица на Универзитетот, посебно.

Условите и критериумите од претходниот став треба да овозможат насочување на студентот кои предмети треба прво да ги полага, за потоа да запише други предмети кои сака да ги полага.

МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТОТ

Член 10

Студент може да се трансферира од една на друга студиска програма во рамките на иста или на друга единица на Универзитетот, да направи трансфер на Универзитетот од друга високообразовна установа, како и да се трансферира на високообразовни установи во странство.

Критериумите и условите за пренесување на кредитите и условите за трансферирање од претходниот став ги определува единицата на Универзитетот, односно високообразовната установа на која што се трансферира студентот, во зависност од компатибилноста на студиските програми.

Член 11

На Универзитетот, на универзитетските академски студии (240 кредити) на прв циклус на студии, кои припаѓаат на ниво VI, подниво VI А, во Македонската рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации, може да се трансферираат студенти:

- запишани на I / прв/ циклус универзитетски академски или стручни студии (240 ЕКТС кредити) и припаѓаат на ниво VI, подниво VI А, во Македонската рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации,
- запишани на I / прв/ циклус универзитетски академски или стручни студии, (180 ЕКТС кредити) и припаѓаат на ниво VI, подниво VI Б, во Македонската

рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации.

На Универзитетот, на стручните студии (180 кредити) на прв циклус на студии, кои припаѓаат на ниво VI, подниво VI Б, во Македонската рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации, може да се трансферираат студенти:

- запишани на I /прв/ циклус универзитетски академски или стручни студии (240 ЕКТС кредити) и припаѓаат на ниво VI, подниво VI А, во Македонската рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации,
- запишани на I /прв/ циклус универзитетски академски или стручни студии, (180 ЕКТС кредити) и припаѓаат на ниво VI, подниво VI Б, во Македонската рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации.

Член 12

На Универзитетот, на магистерски академски студии (60 ЕКТС) на втор циклус на студии, кои припаѓаат на ниво VII, подниво VII А, во Македонската рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации, може да се трансферираат студенти:

- запишани на II /втор/ циклус магистерски академски студии (60 ЕКТС) и припаѓаат на ниво VII, подниво VII А, во Македонската рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации,
- запишани на II /втор/ циклус магистерски стручни студии, (60 ЕКТС) и припаѓаат на ниво VII, подниво VII Б, во Македонската рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации.

На Универзитетот, на магистерски академски студии (120 ЕКТС) на втор циклус на студии, кои припаѓаат на ниво VII, подниво VII А, во Македонската рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации, може да се трансферираат студенти:

- запишани на II /втор/ циклус магистерски академски студии (120 ЕКТС) и припаѓаат на ниво VII, подниво VIIA, во Македонската рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации,
- запишани на II /втор/ циклус магистерски стручни студии (120 ЕКТС) и припаѓаат на ниво VII, подниво VII Б, во Македонската рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации.

Член 13

На Универзитетот, на интегрирани студии од прв и втор циклус (300 ЕКТС), кои припаѓаат на ниво VII, подниво VII Б, во Македонската рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации, може да се трансферираат студенти:

- запишани на интегрирани студии од прв и втор циклус (300 ЕКТС), кои припаѓаат на ниво VII, подниво VII Б, во Македонската рамка на квалификации, согласно Законот за националната рамка на квалификации.

Член 14

Во врска со трансферот на студенти, единицата на Универзитетот формира посебна Комисија за признавање на испити (во понатамошниот текст: Комисијата), составена од три члена, од кои едниот е претседател на Комисијата.

Комисијата врши увид во уверението за положени испити, како и во содржината и бројот на кредити од предметите, кои што претходно ги положил студентот и донесува Решение за признавање на испитите кои се компатибилни.

Студентот не може да поднесе барање за поништување и повторно полагање на испитите кои ќе бидат признаени од страна на Комисијата.

Врз основ на направената анализа од Комисијата за признавање на испити, деканот на единицата на која се врши трансферот донесува писмена одлука во која студиска година студентот ќе биде запишан, за да го продолжи студирањето, како и писмена одлука за полагање на диференцијални испити.

Член 15

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 17

За измени и дополнувања на Правилникот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 18

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Скопје, 10.07.2025

Претседател на Универзитетски сенат:

Проф. д-р Соња Бујасин

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ 1 СКОПЈЕ